0201-
30.05.2024

Точка 2/1
35-то Годишно Собрание на Акционери, 30/05/2024

***<u>Предлог</u>***

Врз основа на член 25 став 1 точка 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 35-та седница на Годишното Генерално Собрание одржана на ден 30.05.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на годишната сметка, ревидираните финансиските извештаи и годишниот извештај на Друштвото за годината која завршува на 31 декември 2023 година**

Член 1
Се одобрува годишната сметка на ОКТА АД - Скопје за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Член 2
Се одобруваат ревидираните финансиски извештаи на ОКТА АД - Скопје заедно со независниот ревизорски извештај за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Член 3
Се одобрува годишниот извештај на ОКТА АД - Скопје за годината која завршува на 31 декември 2023 година, со прилог Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза.

Член 4
Одобрената годишна сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај се составен дел на оваа Одлука.

Член 5
Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Образложение

Согласно член 476 став 1 и 2 од Законот за трговските друштва (ЗТД), сите големи и средни трговци, трговците кои котираат на берза и подружници на странски друштва, се должни по истекот на деловната година, да состават годишна сметка и финансиски извештаи. Согласно член 478 став 1 точка 1 од ЗТД, сите големи и средни трговски организирани како акционерски друштва, се подведуваат под ревизија, а нивните финансиски извештаи ќе бидат ревидирани. Согласно член 479 став 1 од ЗТД, финансиските извештаи не може да бидат одобрени, ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија.

Согласно член 352 од ЗТД, по истекот на деловната година, извршните членови на Одборот на директори му поднесуваат на Одборот на директори годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото. Согласно член 384 став 7 од ЗТД, во годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, извршните членови на Одборот на директори се должни објективно да ги презентираат и да ги објаснат главните фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето.

Согласно член 383 став 1 точка 2 од ЗТД и член 25 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото, во надлежност на Собранието на акционери е да ги одобрува годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година. Согласно член 384 став 2 точка 1 од ЗТД, на Годишното собрание, акционерите ги разгледуваат и усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.

Согласно член 40 од Правилата за котација на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, издавачите од сите подсегменти се должни да ги објават консолидираните и неконсолидираните ревидирани финансиски извештаи, заедно со годишниот извештај за работењето, усвоени од Собранието на акционери на друштвото, најдоцна до 31.05 во тековната година.

На својот 210 состанок одржан на ден 29.02.2024 година, Одборот на директори донесе Одлука за усвојување на годишната сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, и ја утврди оваа предлог Одлука наменета за Годишното собрание на акционери, со предлог да ја одобри годишната сметка, ревидираните финансиски извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во деловната 2023 година.